**ЗА УВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ (Увоз на стока)**

1. Увозникот да е регистриран за работа во надворешно трговскиот промет и во Регистарот на Царинската управа на РМ.

2. Увозна фактура за стоката која се царини
   - фактурата мора да содржи точни податоци за стоката која се увезува;
   - доколку користи преференцијални стапки да има исправно пополнета; ИЗЈАВА од Извозникот согласно одредбите на Спогодбите на РМ со соодветната земја од каде се врши увозот;
   - јасно да биде нагласен паритетот на испораката согласно одредбите на ИНКОТЕРМС 2000.

3. Полномошно до застапникот
   - се пополнува готов образец (кој може да се превземе електронски од www.customs.gov.mk или да се добие од нашите канцаларии) во два оригинални примерока за една Царинска испостава и се заверува во сопствената архива
   - се приложува копија од Тековна состојба на правното лице од издадена од Централниот регистар на Рм не постара од 6 месеци.
   - ова се изготвува за секоја Царинска Испостава поодделно и еднократно при првиот увоз или извоз на Правното лице.

4. Доколку стоката по вид бара одредени режими на трговска политика, на пример дозволи од одредени министерства или нивни бироа што е одредено со самиот Закон за царинска тарифа, заради ефикасност во работењето треба да се добијат односно извадат претходно.

5. За секоја стока која претставува храна, додаток на храна, машини за изготвување на храна, садови и се она што е во допир со храна неопходен е органолептички преглед од стручните служби на Министерството за земјоделство - Дирекција за храна, документите за кои ги изготвуваме ние, но за кои е неопходно да се имаат следните документи:

   - ХТП за правното лице Увозник
   - Сертификати за квалитет издадени од надлежната здравствена служба од земјата Извозник
   - мостри-кои санитарниот инспектор ги зема за анализа и за кои издава Записник.
   - ВАКВИОТ ДОКУМЕНТ СЕ ПОДНЕСУВА ЕДЕН ДЕН ПРЕД ЦАРИНЕЊЕТО

6. За секоја стока која се увезува потребен е преглед од стрна на Пазарната инспекција при Министерството за економија на РМ. При ова неопходно е стоката на секој одделен примерок да има налепено соодветна декларација на македонски јазик согласно Законот од стрна на испраќачот. За техничката стока потребно е во секое пакување да да има УПАТСТВО за работа со апарато, податоци за овластен сервис и гарантен лист на македонски јазик, изготвени според условите дадени во Законот. Доколку тоа не е сторено тогаш стоката се истовара под царински надзор во некое јавно царинско складиште каде со одделна молба се

овозможува лепење на таквите декларации и вметнување на останатите претходно спомнати документи во пакувањата.

СЕ ОВА ДО СЕГА КАЖАНО СЕ ОДНЕСУВА ЗА СТОКА ЗА ПОНАТАМОШНА ПРОДАЖБА

Доколку стоката претставува репро материјал или основно средство за познат купувач тогаш КУПУВАЧОТ приложува ИЗЈАВА во форма за која ние ќе информираме согласно видот, количината и начинот како е пристигната стоката и бројот на документото-фактурата со која истата е пристигната.

По прибирањето на овие документи се изготвува царинска декларација за увоз по која треба да се платат обрските кон државата за да може стоката да се пушти во слободен промет.

ВАЖНО: За секоја стока Увозникот треба да нé информира точно за видот на стоката и да подготви превод на фактурата по која ќе се подготвуваат документите.

**Досега кажаното се однесува за редовен увоз на стока.**

За сите останати видови на увоз како привремен увоз, ивоз за облагородување и сл. условите ги диктира Законот за царина. За тие случаи потребни се дополнители информации за да би можле во целост да го објаниме процесот и затоа е најдобро да се одржи состанок.

**ЗА ИЗВОЗНО ЦАРИНЕЊЕ (Извоз на стоки)**

1. Потребна е фактура за извоз на која ќе бидат наведени стоките кои се извезуваат - два примероци за Царинарницата и најмалку три за превозникот.

   Фактурата покрај податоците за стоката потребно е да го има
   - впишан износот со букви,
   - паритетот на стоката (http://www.iccwbo.org/incoterms/id3040/index.html ) ,
   - количината (колети и тежина - бруто и нето)
   - забелешка дека стоката е ослободена од плаќање на ДДВ согласно одредбите на чл.24.1 од Законот за ДДВ
   - Банка во која приемачот на стоката треба да го извши плаќањето

   Ако фактурата не е напишана на македонски јазик тогаш неопходен е и превод на истата за потребите на декларантот.

2. Потребен е товаерн лист (ЦМР) заверен од превозникот и извозникот и податоци за:

   - број на регистарсдки табличли на возилото кое ја минува границата
   - превозникот - име, седиште и даночен број
   - име и презиме и број на пасош на возачот
   - граничен премин на кој возачот ќе ја премине македонската граница

3. За можност за царинење повторно е потребно полмомошно објаснето како и

во објаснувањето за увоз.

4. За извоз на стока со авионски превоз со оглед на тоа дека сме застапници на повеќе КАРГО авионски превозници подготвени сме да го извршиме комплетниот извоз со обезбедување на превозот.

   **До сега кажаното важи за редовен извоз на стоки.**

   За посебните постапки при извоз како привремен извоз, извоз за поправка, саем, демонстрација или инвестициони работи во странство согласно одредбите на Законот важат одделни прописи. За овие подробности треба директно да не контактирате.

## ЗА ТРАНЗИТ НА СТОКА

1. Оваа Царинска постапка се врши кога е потребно да се изврши транзит на неоцаринета стока од една до друга царинска испостава во царинското подрачје на Република Македонија. За да се изврши оваа постапка потребно е:
   - комитентот да биде внесен во единствениот царински регистар;
   - стоката да е пристигната со соодветна фактура и
   - гаранција за транзитирање на стоката (која ние ја поседуваме и која е гарант дека стоката ќе пристигне на одредишното место).

2. Транзитот на стоката во зависност од големината и тежината на пратката се врши со возила кои може да се пломбираат соодветно со царинските прописи и кои ги прати соодветна транзитна царинска декларација (пропратница) и патен товарен лист ЦМР.

3. Рокот на транзитирањето од една до друга Царинска испостава изнесува 24 часа и ако превозникот не се јави до одредишната Царинска испостава во тој рок, следуваат Царински прекршоци до истиот.

4. За да се изврши оваа постапка, потребни се податоци за превозникот: регистрација на превозно средство, име и презиме на превозникот, број на пасош, лична карта или ЕМБ.

## ЗА РЕЕКСПОРТ НА СТОКА

1. Оваа постапка се изведува кога се продава неоцаринета стока донесена во Македонија од странски извозник за македонска фирма, на странски купувач.

2. Постапката се изведува со постапка за транзит на стока при што стоката ке ја прати:

   - транзитна царинска декларација;

- извозна ф-ра од македонскиот извозник кон странскиот купувач, која треба да е поголема од ф-рата испратена од странкиот извозник за македонската фирма (извозната да е поголема од влезната) и
- патен товарен лист (CMR ако е камионски и AWB – авионски товарен лист ако се праќа по воздушен пат).

3. Реекспортот може да се изврши директно на камион (ако целата стока во камионот е наменета за реекспортот) или, ако стоката веќе е истоварена, под царински надзор. Ако во рок од 20 денови откако е истоварена под царински надзор во царински склад не е извршена постапката за реекспорт, тогаш стоката во царински склад се префрла на документ ИМА-7 односно се става на подолго чување под надзор во царински склад. Тоаш за да се направи реекспорт на стоката потребно е да се направи извозно - транзитна царинска декларација наместо само транзитна декларација.